НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-1700/1
23.11.2013 год
СКОПЈЕ

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА

# ПРАВИЛНИК
за заштита од пожари, експлозии и опасни материи

Скопје, Ноември 2013 година

Врз основа на член 76 од Законот за заштита и спасување и чл. 52 од Законот за измена и дополнување на Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ", бр.36/04, 49/04, 86/08 и 124/10) член 1 од Законот за пожарникарство („Сл.весник на РМ" бр.67/04 и 81/07), член 1 од Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари („Сл.весник на РМ" бр.98/05), и чл.24 став 1 алинеја 15 и чл.30 став 1 алинеја 5 од Статутот на Националната установа Кинотека на Македонија, Управниот одбор на Кинотека на Македонија, на седницата одржана на ден 29.11--- 2013 година, донесе

# ПРАВИЛНИК

## за заштита од пожари, експлозии и опасни материи

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник во НУ Кинотека на Македонија (во натамошниот текст Кинотека) се уредува организацијата на заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи, правата и обврските на раководните структури и на работниците, мерките и активностите за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, стручните работи и оспособувањето за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, отстранување на причините за настанување на пожари, експлозии и опасни материи, јавување и постапки во случај на појава на пожар или експлозија, опремата и средствата за гаснење на пожари, давање на помош и отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозии или опасни материи.

**Член 2**

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, управен, надзорен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер.

**Член 3**

Планирањето на мерките и активностите за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се врши согласно потребите на Кинотеката, врз основа на законските, подзаконските прописи и општите акти на Кинотеката.

**Член 4**

Заштитата од пожари, експлозии и опасни материи се организира и спроведува во работниот, изложбениот простор и депоата на Кинотеката, депоата во Бардовски конаци и на возила кои се во сопственост на Кинотеката.

**Член 5**

Мерките и активностите за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи во Кинотеката, согласно своите надлежности и работните обврски и согласно Законот за заштита и спасување и овој Правилник, должни се да ги спроведуваат сите работници во Кинотеката на Македонија.

## 2. ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ

### 2.1. Права и обврски на Управниот одбор

**Член 6**

Во врска со заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи, Управниот одбор на Кинотеката ги има следните права и должности:

-Да ги донесува годишните и перспективни програми на мерки во врска со заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи во Кинотеката;

- Да го донесе Правилникот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи;
- Да донесе одлуки и заклучоци во врска со заштитата од пожари, експлозии и опасни материи;
- Да ги разгледува поединечните и колективните барања, предлози и приговори кои се однесуваат на заштитата од пожари, експлозии и опасни материи и во врска со нив да донесуваат соодветни одлуки;
- Да ги разгледуваат извештаите и предлозите од стручното лице одговорно за преземање на стручни работи за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- Да ги разгледуваат извештаите на инспекторот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи од Дирекцијата за заштита и спасување и во врска со нив да презема мерки;
- Врши други работи во врска со заштитата од пожари, експлозии и опасни материи утврдени со закон.

### 2.2. Права и обврски на директорот на Кинотеката

**Член 7**

Во врска со заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи, директорот на Кинотеката ги има следните права и должности:

-Се грижи за примена на мерките за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;

-Се грижи за доследно спроведување на одлуките донесени од Управниот одбор, во врска со заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи;

-По барање на Управниот одбор, подготвува Извештај за состојбата на заштитата и спасувањето од пожари и експлозии и опасни материи во Кинотеката;

-Ги следи законските и подзаконските прописи и предлага мерки за унапредување на заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи;

-Ја организира и координира заштитата од пожари, експлозии и опасни материи во двата објекта;

- Се грижи за оспособување на работниците за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- Ги спроведува решенијата од инспекцискиот надзор и укажувањата;

- Врши надзор над спроведувањето на одредбите од овој Правилник и другите акти за заштита и спасување;

-Во случај на потреба за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи на движното културно наследство во Кинотеката, на стручните лица им издава соодветни наредби и укажувања;

- Ги разгледува информациите и укажувањата од стручното лице за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи и врз основа на истите презема соодветни мерки;

-Против работниците кои не се придржуваат кон мерките и прописите за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи и покренува соодветни постапки;

-Врз основа на потребите, а согласно законските прописи и општите акти на Кинотеката, одобрува набавки на средства и опрема за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи и

- Врши и други работи

**2.3.Права и обврски на програмскиот директор во Кинотеката**

**Член 8**

Програмскиот директор во својот делокруг на работа, одговорен е за спроведување на мерките за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, со следните права и обврски:

- Предлага потребни мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи во Кинотеката;
- Учествува во изработка на планот за заштита и спасување со мерки за заштита од пожари, експлозии и опасни материи;
- Во соработка со директорот на Кинотеката, се грижи за спроведување на мерките за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи во Кинотеката;
- Се грижи за навремено оспособување на работниците за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- Се грижи за одржување на опремата и средствата за заштита и спасување од пожри, експлозии и опасни материи;
- Против работниците кои не ги почитуваат мерките за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, презема соодветни мерки;
- Во случај на опасност од пожар или експлозија, ја прекинува работата на работниците по работни места;
- За време на настанот пожар или експлозија го организира спасувањето на работниците, имотот и движното културно наследство;
- Во соработка со директорот на Кинотеката, се грижи за примена на законските и подзаконските прописи и одредбите од општите акти на Кинотеката, а во врска со заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи.

**2.4.Права и обврски на раководителите на одделенија во Кинотеката**

**Член 9**

Во врска со заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи раководителите на Кинотеката ги имаат следните права и обврски:

- Се запознава со предвидените мерки и средства за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи и води грижа за нивна примена;

- Во рамките на своите надлежности, ја координира и надгледува примената на мерките за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи по работни места;

- Во случај на гаснење на пожар соработува со раководителот на акцијата, извршувајќи ги неговите наредби и барања и ги организира своите работници;

- Во текот на работењето проверува дали се преземени сите потребни мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;

- Проверува дали е постапувано од страна на вработените согласно предвидените мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, односно дали не постои некаква опасност од пожар или експлозија;

- Во случај на непридржување на работниците кон мерките и средствата за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи ги предупредува и поднесува пријави до директорот на Кинотеката;

- Предлага потребни мерки и средства за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;

- Секојдневно врши контрола и води грижа за примена на мерките за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, во просторот каде што е сместено движното културно наследство во Кинотеката.

### 2.5. Права и обврски на работниците во Кинотеката

**Член 10**

Во врска со заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи, работниците во Кинотеката, ги имаат следниве права и должности:

- Да работат на работно место кое ги исполнува сите потребни услови за безбедна работа во поглед на заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;

- Можат да работат само со средства за работа, на кои постојат сигурносни уреди за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;

-Не смеат да внесуват запаливи и експлозивни средства и материи без претходна дозвола од директорот на Кинотеката;

- Да се стекнуваат со потребни познавања од областа на заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи;

- На непосредниот раководител, стручното лице за заштита и спасување од пожари и експлозии или кај директорот на Кинотеката да пријават секаква појава, која може да предизвика пожар или експлозија и да преземат навремени мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожар;

- Поединечно или организирано да учествуваат во гаснење на пожар и даваат помош во спречувањето на штети за време и после пожарот;

- Да ги применуваат прописите од областа на заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи;

- Да се придржуваат кон знаците и упатствата за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, кои се поставени на работните места;

- Предлагаат можни мерки за успешно спроведување на заштитата од пожари, експлозии и опасни материи по работни места;

- Ја чуваат и внимателно се однесуваат кон опремата и средствата за гаснење на пожари;

- Учествуваат во вежби за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи кои се организираат во Кинотеката и се оспособуваат за противпожарна заштита;

- Во случај на пожар или опасност од пожар или експлозии, да работат подолго од полното работно време;

- Работниците кои со овој Правилник и други акти на Кинотеката се задолжени да преземат одредени мерки и активности за заштита и спасување од пожар и експлозии, а не го вршат тоа, подлежат на одговорност согласно законските прописи.

### 2.6. Стручни работи за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

**Член 11**

Стручните работи за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи во Кинотеката ги врши лице што го определува директорот, а кое ги има следните права и обврски:

- Во соработка со директорот на Кинотеката се грижи за примена на законските и подзаконските прописи и општите акти за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи во Кинотеката;
- За утврдените недостатоци за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, го известува директорот на Кинотеката;
- Врши редовни контроли на системот за дојава на пожари и во случај на недостатоци или дефекти го известува директорот на Кинотеката и презема мерки за отстранување на истите;
- Врши процена за можните опасности од пожари, експлозии и опасни материи во работниот, изложбениот простор, депоата и во кругот на Кинотеката;
- Предлага мерки за спречување и отстранување на опасностите од пожари, експлозии и опасни материи и пренесува наредби и налози за работа од директорот до вработените и надлежните за обезбедување на Кинотеката;
- Учествува во изработка на правилници, одлуки, заклучоци, упатства и други акти од областа на заштита и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи;
- Изработува анализи, информации и извештаи за состојбата, проблемите и потребите за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- Води евиденција за настанати пожари и експлозии во Кинотеката;
- Согласно законските прописи и укажаните потреби, води грижа за редовно сервисирање на противпожарните апарати, хидранти, системите за заштита од пожар и видео надзор во Кинотеката;
- Врши редовна контрола на исправноста на опремата и средствата за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, предлага расходување на дотраената или оштетената и набавка на нова опрема и средства.

### 2.7. Права и обврски на работниците за обезбедување на Кинотеката

**Член 12**

Работниците за обезбедување на Кинотеката, во врска со заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи, ги имаат следните права и должности:

- За време на работата да вршат почести обиколки и контроли на сите работни простории, гаражи, дворното место во Кинотеката и депоата во Бардовски конаци;
- Континуирано да го следат надворешниот и внатрешниот простор од Кинотеката преку камерите за видео надзор-монитринг систем;
- Ја проверуваат состојбата и исправноста на рачните противпожарни апарати, се грижат тие секогаш да бидат на своите места каде се распоредени и секогаш да бидат на лесно пристапни и видни места;
- Го известуваат стручното лице и директорот на Кинотеката за приметени дефекти, недостатоци и неисправности кај апаратите, хидрантите и другата противпожарна опрема и средства, како и системот за дојава на пожар и видео надзор;

- Во случај на појава на пожар, пристапуваат кон негово гаснење или локализирање, а за истото ги известува надлежните во Кинотеката. Доколку се работи за поголем пожар, бараат помош од вработените и од противпожарната бригада на град Скопје;

- Забрануваат веднаш на самото место, пушење и употреба на отворен пламен на секое место каде тоа не е дозволено;

- Наредува, лесно запаливите и експлозивните материи, да се стават во метални ормари и да се отстранат електричните решоа и други грејни тела, кои не се наменети за службени потреби или неправилно се користат;

- Редовно ја контролира електричната и водоводна инсталација, ги запира славините што течат, ги гаси непотребните средства и друго;

- При извршување на работи во Кинотеката со апарати за заварување, алати што искрат и други средства кои можат да предизвикаат пожар или експлозија, да присуствуваат опремени со соодветни уреди, техничка опрема и средства за гаснење на пожари;

- До директорот на Кинотеката, ги пријавуваат вработените кои не ги почитуваат правилата за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи.

### 2.8. Права и обврски на хаус мајсторот

**Член 13**

Хаус мајсторот, во Кинотеката ги има следните права и должности:

- Целокупната електрична, громобранска, водоводна, топловодна (парно греење), вентилациона и друга инсталација да ја одржува во исправна состојба;

- Електричните апарати, машини, печки и друго да ги одржува во исправна состојба, а во случај на неисправност да ги отстрани од употреба, до нивно повторно доведување во исправна состојба;

- Врши контрола и ги одржува во исправна состојба хидрантите за противпожарна заштита во Кинотеката и кај надлежните во Кинотеката пријавува поголеми дефекти за да се повика сервисна служба;

- Укажува на можни последици, од употреба на неисправни електрични машини и апарати;

- Во случај на потреба, а по налог на директорот на Кинотека, врши и други работи во врска со заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи.

### 2.9. Права и обврски на економ-домаќинот

**Член 14**

Економ домаќинот, како работник во чија надлежност е набавка, чување во магацин и задолжување на работници со одреден вид на материјали, одговорен е за спроведување на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, во границите на своите овластувања. Економ домаќинот во врска со заштитата од пожари, експлозии и опасни материи ги има следните права и обврски:

- При задолжување на работниците со лесно запаливи материјали, им укажува за потребата да се придржуваат кон упатствата за чување, ракување и користење на истите;

- Води грижа за правилно складирање на лесно запаливи и експлозивни материјали во магацинскиот простор на Кинотеката;

- По налог на директорот, врши и други работи од областа на заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи.

### 2.10. Права и обврски на работниците за одржување на хигиена во Кинотека

**Член 15**

Работниците за одржување на хигиена во Кинотеката, ги имаат следните права и обврски:

-Редовно чистење и проветрување на работните, изложбените и други простории во Кинотека и во објектот во Бардовски конаци;

- Редовно собирање на отпадоците од хартија и друг лесно запалив материјал и однесување на определено место, до негово транспортирање надвор од објектот;

- Доколку при извршувањето на работата, заприметат предмети кои можат да предизвикат пожар , веднаш ги известуваат одговорните во Кинотеката;

- Носење на сувата трева и другите лесно запаливи материјали од дворното место на Кинотека и Бардовски конаци и изнесување на определено место за тоа.

## 3. ЈАВУВАЊЕ И ПОСТАПКИ ПРИ ПОЈАВА НА ПОЖАР

**Член 16**

Секој работник во Кинотеката, кој ќе забележи непосредна опасност од настанување на пожар или експлозија или пак ќе забележи пожар, должен е веднаш да ги извести работниците кои се наоѓаат во непосредна близина, или доколку има потреба ги известува и другите работници со активирање на рачните јавувачи за дојава на пожар, да ја отстрани опасноста, односно да го изгасне пожарот, ако тоа може да го стори без опасност за себе и за другите.

Доколку работникот неможе сам да ја отстрани опасноста, односно да го изгасне пожарот, должен е веднаш да ги извести работниците за обезбедување на Кинотеката и да побара помош од другите работници.

**Член 17**

Работниците за обезбедување, кои вршат противпожарна заштита во Кинотеката, по дознавање за пожар преземаат мерки за гаснење на пожарот и раководат со акцијата за гаснење.

На местото на пожарот, донесуваат потребен број и вид на противпожарни апарати и по потреба ја приклучуваат хидрантската мрежа, ако е во близина.

Во случај да пожарот е од поголеми размери, веднаш ги известуваат сите вработени и надлежните во Кинотеката усмено, со помош на мегафон или со вклучување на системот за дојава на пожар и ја известуваат територијалната противпожарна единица, односно противпожарната бригада на град Скопје.

**Член 18**

При настанување на пожар, непосредните раководители мораат да спречат појава на паника меѓу работниците, а обезбедувањето помага да се спречи паника кај посетителите во холовите и изложбениот простор.

На местото на пожарот може да се наоѓаат само потребниот број на работници за гаснење, а другите работници помагаат со донесување на ПП апарати и извршување на други потребни задачи.

**Член 19**

По секој пожар, на опожареното место по налог на директорот од страна на работниците за обезбедување на Кинотеката, се поставува континуирано дежурство на кое обезбедувачите ќе бидат опремени со соодветни уреди, опрема и средства за гаснење на пожари и за спречување на повторно појавување на пожарот, со време на траење во зависност од потребите на опожарениот простор.

Ако пожарот е изгаснат во текот на ноќно време, дежурството треба да трае се до наредниот ден.

Противпожарно дежурство се организира при заварување, употреба на отворен пламен или алат што искри во простор кој не е погоден за таква намена, доколку постои зголемен ризик за настанување на пожар.

За опожарениот простор, од директорот на Кинотеката се формира комисија која врши увид и ги испитува причините за појава на пожарот, а одговорните лица се грижат за непречена работа на работниците и соочување на траговите за настанатиот пожар.

## 4. ОПРЕМА И СРЕДСТВА ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАР

**Член 20**

За откривање на пожари, во Кинотеката се поставени уреди и инсталации за заштита од пожари-систем за дојава на пожари со две противпожарни централи и јавувачи.

За гаснење на пожари Кинотеката располага со противпожарна опрема, противпожарни апарати, противпожарни хидранти и други средства, согласно пропишаните стандарди.

### 4.1. Противпожарни апарати

**Член 21**

Противпожарните апарати во Кинотеката се поставени во: сите работни простории, депоа, изложбени простории, библиотека и други простории во објектот на Кинотеката, во просториите во Бардовски конаци како и во моторните возила.
Бројот на противпожарни апарати во објектот, односно просториите на Кинотеката се одредува според површината на објектот и неговото пожарно оптоварување (ниско, средно и високо), а се поставуваат на видни и лесно пристапни места. Кинотеката располага со противпожарни апарати од типот S-6, S-9, S-50, HL-6; Хидрант со хидрантно црево, млазница и хидрантен клуч; буриња и кофи и приручен алат.

Заради заштита на Кинотеката и комплексот Бардовски конаци, како противпожарни средства се користат и други противпожарни средства.

Одржување, сервисирање и испитување на ПП апаратите се врши најмалку еднаш до двапати годишно, во зависнот од местоположбата и изложеноста на атмосферските влијанија.

Сервис и контролни испитување на противпожарните апарати во Кинотеката може да вршат правни лица кои ги сполнуваат законските услови за таква работа и да поседуваат потребно овластување од Дирекцијата за заштита и спасување, а вработените лица да имаат положено стручен испит.

**Член 22**

Во врска со заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи, а за реализација на мерките и активностите предвидени со овој Правилник се утврдува задолжителна минимална лична опрема за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, која се состои од следново:

- два противпожарни мантили;
- две кациги;
- три пара заштитни ракавици;
- два пара чизми;
- три одела;
- две гас маски.

## 5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАР, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

**Член 23**

Мерки за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи во Кинотеката се:

1. Општи заштитни мерки;
2. Заштитни мерки во влезниот хол, управниот дел и во работните простории во објектот;
3. Заштитни мерки во депоата за чување на филмовите и филмските материјали и музејските депоа;
4. Заштитни мерки во библиотеката и депоата за пишувана и фотографска документација;
5. Заштитни мерки во изложбените простории;
6. Заштитни мерки во подрумските простории (магацини, гаража и други простории);
7. Заштитни мерки во кино салата;
8. Заштитни мерки во фотолабораторијата;
9. Заштитни мерки во депоата во Бардовски конаци;

### 5.1. Општи заштитни мерки

**Член 24**

Општи заштитни мерки претставуваат дејствија и активности што се преземаат во Кинотеката, со цел да се избегнат евентуалните опасности од пожар, експлозии и други штетни последици по материјалните добра, движното културно наследство и животите на работниците на Кинотеката.

### 5.2. Заштитни мерки во влезниот хол, управниот дел и во работните простории во објектот

**Член 25**

Заради превентивна заштита од пожар, експлозии и опасни материи во Кинотеката, потребно е да се набават противпожарни апарати и да се постават на сите катови и нивоа, на видни и пистапни места.

**Член 26**

Влезот во зградата на Кинотеката, холот на приземјето и скалите, треба да бидат во секое време слободни и лесно пристапни.
На овие места се забранува секакво складирање на материјали и други средства.

**Член 27**

Се забранува пушење во сите работни и други простории, а знаци за забрана се потавуваат на видни места.

Освен со дозвола за службени потреби, забрането е внесување на лесно запаливи течности во Кинотеката.

Забрането е чистење на подовите и на други простори и предмети со запаливи течности.

На сите работници, им се забранува палење на хартија и други запаливи материјали во работните и други простории на Кинотеката.

**Член 28**

Поправки на електричната инсталација може да врши само стручно лице, хаус мајстор-електричар.

Решоа, греалки и други грејни тела, може да се употребуваат само со одобрение на директорот, за службени потреби и под контрола на корисникот.

При напуштање на работните простории, работниците се должни да го исклучат светлото, ако употребувале грејни тела за службени потреби, да проверат дали истите се исклучени и прописно отавени на определените места.

По завршување на работното време во Кинотеката, работниците за обезбедување се должни да направат контрола во сите простории и доколку има заборавено светло, некој предмет или средства кои можат да предизвикаат пожар или експлозија, должни се да ги исклучат или отстранат.

**5.3.Заштитни мерки во депоата за чување на филмови, филмски материјали и музејските депоа**

**Член 29**

Во депоата за чување на филмови, филмски материјали и музејските депоа се забранува употреба на греалки и други грејни тела, а по завршување на работата ракувачите во депоата се должни да направат проверка и да го изгаснат светлото.

Се забранува влез на невработени лица и на лица вработени во Кинотеката, што немаат работни обврски во депоата.

За секое влегување и излегување во депоата се води евиденција.

Мерките за забрана во депоата се истакнуваат на видни места, со соодветни предупредувања и знаци за забрана.

Заради превентивна заштита од пожари и експлозии во депоата, се поставуваат потребен број на противпожарни апарати.

**5.4.Заштитни мерки во библиотеката и депоата за пишувана и фотографска документација**

**Член 30**

Како превентивни и заштитни мерки во библиотеката и депоата за пишувана и фотографска документација, се предвидуваат:

-Опремата со полици, витрини, пултови, плакари, завеси и слично да бидат од незапалив материјал, согласно постоечките стандарди;

-Се забранува чување и складирање на амбалажа и друг непотребен материјал во библиотеката и депоата за пишувана и фотографска документација;

- Забрането е пушење и употреба на греалки, решоа и други грејни тела;

- Се забранува чување на корпи за отпадоци во просториите на библиотеката и депоата за пишувана и фотографска документација кои се заклучуваат;

- Знаци за забрана се поставуват на видни места.

## 5.5.Заштитни мерки во изложбените простории

**Член 31**

Заради обезбедување од пожари, експлозии и опасни материи во изложбените сали, Кинотеката има поставено систем за навремено откривање и јавување на пожари, како и определен број на противпожарни апарати, поставени на видни и достапни места, со определен број на ПП хидранти. Во изложбените сали забрането е пушење и фрлање на отпадоци.

**Член 32**

Водичите во изложбените сали, должни се да се грижат за посетителите, да ги опоменуваат да не се доближуваат поблиску од определената граница до експонатите, **за да не се активира системот за провала и кражба и да не ги допираат експонатите.**

За секоја поединечна или групна посета, водичите со редовни контроли и укажувања се грижат посетителите да не внесуваат запаливи или експлозивни средства, за да не дојде до предизвикување на пожар.

**Член 33**

Кинотеката, потребно е да го задолжи обезбедувањето, кое дел од своите работи ги извршува во посебна просторија каде се сместени системите за заштита, односно централата за дојава на пожар и мониторинг системот, постојано во просторијата на обезбедувањето да има присутен најмалку еден обезбедувач, кој ќе врши контрола на камерите и системот за дојава на пожари.

Во просторијата на обезбедувањето, каде е сместен мониторинг системот и другите системи за заштита, не е дозволено влегување и престој на вработени лица кои немаат одобрение за тоа, како и влегување на посетители и странки.

**Член 34**

Во просториите на Кинотеката во кои се собираат истовремено поголем број на лица за време на отворање на изложби и манифестации, организаторите се должни за време на нивното траење да обезбедат противпожарна стража, како и соодветни уреди, техничка опрема и средства за гаснење на пожари.

Противпожарната стража во случаите од став 1 на овој член ја поставува организаторот на манифестацијата.

## 5.6. Заштитни мерки во подрумските простории (магацини, гаража и други простории)

**Член 35**

Како превентивни и заштитни мерки за спречување и отстранување на пожари, експлозии и опасни материи во подрумските простории се определуваат:

- На видни места да се постават одреден број и вид на противпожарни апарати;
- Поставената хидрантска мрежа во напред наведениот простор и Кинотеката, да биде лесно пристапна и во исправна состојба;

- Пристап на вработени и невработени лица во котларата на Кинотеката е забранет, а ракувањето и одржувањето во/на истите да го вршат стручни лица определени од директорот на Кинотеката.

### 5.7. Заштитни мерки во кино салата

**Член 36**

Заради обезбедување од пожари, експлозии и опасни материи во кино салата, Кинотеката има поставено систем за навремено откривање и јавување на пожари, како и определен број на противпожарни апарати, поставени на видни и достапни места, со определен број на ПП хидранти. Во кино салата забрането е пушење и фрлање на отпадоци.

**Член 37**

Лицата задолжени за преземање мерки и активности за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи во кино салата, должни се да се грижат за посетителите и навремено да преземаат потребни мерки за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи.

За секоја поединечна или групна посета, водичите со редовни контроли и укажувања се грижат посетителите да не внесуваат запаливи или експлозивни средства, за да не дојде до предизвикување на пожар.

### 5.8. Заштитни мерки во фотолабораторијата

**Член 38**

Во просториите во кои се извршуваат работи со лесно запаливи и опасни материи, заради заштита од пожари, експлозии и опасни материи се поставуваат уреди и се обезбедуваат средства за навремено откривање и јавување на пожари и се поставува соодветен број и вид на противпожарни апарати.

Како простории од став 1 на овој член се: фотолаборатории и простории за миење на филмовите.

Во напред наведените простории се применуваат и мерките за заштита и спасување од пожари и експлозии, предвидени со посебните законски прописи, кои ја регулираат материјата за употреба и ракување со лесно запаливи, експлозивни и опасни материјали.

**Член 39**

Во работните простории наведени во став 2 од член 38 од овој Правилник се забранува пушење, а на работните места каде што при извршувањето на тековните работи се користат грејни тела, има употреба на отворен пламен, алати што искрат, запаливи и експлозивни материи, вршителите на работите се должни да посветуваат посебно внимание за заштита од пожар, а работите да се извршуваат од страна на претходно обучени работници.

Во напред наведените простории, се забранува влегување и задржување на невработени и други надворешни лица без одобрение од директорот на Кинотеката и раководителот на одделението во чиј делокруг е фотолабораторијата и односните простории.

Мерките за забрана се поставуваат на видно место, со соодветни знаци за предупредување и забрана.

**Член 40**

Лесно запаливите и експлозивни материи и смеси се чуваат во посебни простории опремени со метални ормари, специјално за таа намена.

Во работните простории во кои се користат лесно запаливи и експлозивни средства, потребно е да се постави соодветен систем за проветрување.

### 5.9. Заштитни мерки во депоата во Бардовски конаци

**Член 41**

Како превентивни заштитни мерки заради спречување и отстранување на пожар, експлозии и опасни материи во објектот во Бардовски конаци се определуваат:

- Поставување на потребен број и вид на ПП апарати;
- Одржување во исправна состојба на електричната и друга инсталација;
- Редовно чистење и одржување на просторот;
- Забрането е палење на оган, внесување и користење на лесно запаливи експлозивни материјали и средства, без одобрение од директорот на Кинотеката или лице определено од него;
- Забрането е пушење и употреба на греалки, решоа и други грејни тела;
- Знаци за забрана за пушење се поставуваат на видни места.

## 6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ И ЕКСПЛОЗИИ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРИЧНИТЕ ИНСТАЛАЦИИ

**Член 42**

Електричната, вентилационата,топловодната,громобранската, канализационата и друга инсталација во Кинотеката мораат да бидат изведени така што да не преставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

За правилно изведување на инсталациите од став 1 на овој член одговорни се изведувачите на работите.

Инсталациите од став 1 на овој член мораат редовно да се одржуваат во исправна состојба според постојните технички прописи.

**Член 43**

Забранета е употреба на поправани, неисправни и предимензионирани осигурувачи, како и поставување на провизорни електрични инсталации.

Замена на електричните осигурувачи или други работи од електричната инсталација, може да врши само овластен електричар како стручно лице.

Покрај секој осигурувач/склопка мора да бидат поставени ознаки на кое струјно коло припаѓаат.

**Член 44**

Најмалку еднаш годишно, а по потреба и почесто треба да се изврши детален преглед на сите електрични инсталации и уреди, а најдените недостатоци треба веднаш да бидат отстранети.

**Член 45**

Раководните лица и работниците кои имаат посебни овластувања и одговорности во депоата, се одговорни за спроведувањето на мерките за заштита и спасување од пожари и експлозии, особено за примената на пропишаните и определени мерки, одржувањето во исправна состојба и наменска употреба на уредите, техничката опрема и средствата за гаснење на пожари сврзани со работите што ги вршат, обуката и начинот на употребата на техничката опрема и средствата за гаснење на пожари.

**Член 46**

Кинотеката заради заштита на имотот со кој располага, го користи или управува, должни се да го осигураат од уништување и оштетување од пожари и експлозија.

## 7. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ КАЈ ГРОМОБРАНСКАТА ИНСТАЛАЦИЈА

**Член 47**

Кинотеката како објект во кој покрај работниот персонал и материјалните вредности е сместено и движното културно наследство, за заштита од пожар и експлозии мора да биде обезбеден со громобранска инсталација.

За таа цел е поставена инсталација за атмосферски празнења.

**Член 48**

Мерење и испитување на заштитно заземјување на громбранската инсталација се врши на секои три години.

Мерење и испитување се врши и после секоја поправка или преправка на громобранската инсталација, или по удар на гром.

Громобранската инсталација мора да биде така изведена да атмосверското празнење се врши во земјата, без штетни последици.

## 8. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 49**

Овој правилник стапува во сила осмиот ден од денот на неговото донесување и објавување на огласната табла во Кинотеката.

**Член 50**

Измени или дополнувања на овој Правилник, се вршат на начин и постапка како и за негово донесување.

**Член 51**

Со стапувањето во сила на овој Правилник, престанува важноста на Правилникот за заштита од пожари во НУ Кинотека на Република Македонија-Скопје, бр.01-598/1 од 04.08.2004 година.

НУ Кинотека на Македонија
Управен одбор
Претседател

Роберт Јанкулоски

НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ